OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# С Т А Т У Т
## на
## ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
## (пречистен текст)

**Скопје, 31.1.2019 година**

Врз основа на чл. 86, ст. 1, т. 1, од Законот за банките (Сл. весник на РМ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013,15/2015, 153/2015 и 190/2016) и чл. 287 од Законот за трговските друштва (Сл. весник на РМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018 и 120/2018), Собранието на акционерите на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 31.1.2019 година донесе:

# С Т А Т У Т
## на Охридска банка АД Скопје
## (пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат:

- Називот и седиштето на Банката,
- Организацијата, финансиските активности и супервизорските стандарди
- Почетниот капитал, зголемувањето на почетниот капитал, резервите и распределбата на добивката,
- Органите на Банката, управувањето со Банката, лицата со посебни права и одговорности и судирот на интереси
- Траењето и престанокот на Банката, донесувањето на Статутот и на другите акти на Банката,
- Други организациски прашања и
- Преодните и завршните одредби.

## II. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

**Член 2**

Охридска банка АД Скопје е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за банките, со Одлуката за основање и со овој Статут.

Охридска банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката) е акционерско друштво, чијашто основна дејност е прибирање на депозити и други повратни извори на средства од јавноста и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка.

**Член 3**

Банката работи под називот **Охридска банка АД Скопје.**

Називот на Банката на латиница гласи **Ohridska banka AD Skopje.**

Седиштето на Банката е во Скопје на ул. Орце Николов број 54.

**Член 4**

Банката стекнува својство на правно лице со уписот во Централниот регистар.

Во Централниот регистар се запишуваат и деловите на Банката, во согласност со прописите за упис во Централниот регистар.

**Член 5**

Банката во своето работење употребува печат и штембил, кои ги содржат називот и седиштето на Банката.

Банката има заштитен знак и боја.

Обликот, големината, бојата и начинот на употребата на печатот, штембилот и заштитниот знак ги пропишува Управниот одбор на Банката.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА, ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ И СУПЕРВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ

**Член 6**

Банката своето работење го врши самостојно и преку своите организациони делови и организациони единици.

Како организациони делови се сметаат експозитурите, подружниците и претставништвата во странство.

Организационите делови, освен подружницата, немаат својство на правно лице.

Организационите делови на Банката се основаат и укинуваат со одлука на Управниот одбор на Банката, која е одобрена од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Со одлуката за основање поблиску се определуваат финансиските активности на организационите делови.

**Член 7**

Експозитурите се организациони делови на Банката кои немаат својство на правно лице и кои директно ги извршуваат сите или дел од активностите кои ги врши Банката.

Во правниот промет со трети лица, експозитурата ги има овластувањата утврдени со актот за основање на експозитурата.

Претставништвото е дел од Банката, без статус на правно лице, со цел за поефикасно, побрзо и конкурентско извршување на барањата на комитентите на Банката во функција на зголемување на услугите и обемот на финансиското и банкарското работење. Претставништвото не смее да врши финансиски активности.

**Член 8**

Под организациони единици на Банката се подразбираат организационите форми преку кои се извршуваат работите од финансиските активности на Банката.

Организационите единици на Банката се: сектори, дирекции и служби.

**Член 9**

Организационите единици, со потребниот број на извршители, се утврдуваат со посебен акт за внатрешна организација и систематизација кој го донесува Управниот одбор на Банката.

**Член 10**

Банката работи во свое име и за своја сметка, во свое име и за сметка на други лица и од име и за сметка на други лица.

**Член 11**

Банката работи со сопствени средства, со средствата што ги прибавува и собира во земјата и странство.

**Член 12**

Банката во своето работење е должна да ги преземе сите дејствија и активности во насока на спречување на примање депозити, извршување на налог на уплата, исплата или пренос на парични средства или други сопствености, доколку има непобитни сознанија или основано сомнение дека сопственоста потекнува од криминални активности или финансирање на тероризам.

При стекнување или постоење на сомнение врз основа на објективни или фактички околности, Банката е должна да ја известува Управата за финансиско разузнавање.

**Член 13**

Банката работи во согласност со утврдената деловна политика и развојниот план.

## СУПЕРВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ

**Член 14**

Банката е должна да располага со адекватно ниво на сопствени средства, во зависност од природата, видот и обемот на финансиските активности и висината на ризиците кои произлегуваат од извршувањето на активностите.

Банката е должна да работи на начин кој ќе овозможи постојано да биде способна да ги исполни сите обврски.

Банката е должна континуирано да управува со ризиците, соодветно на природата, видот и обемот на финансиските активности што ги врши. Критериумите, начинот и методите на управување со ризиците, како и оцената на адекватноста на капиталот во согласност со нејзиниот степен на ризичност, Банката ќе ги пропише со општи акти и интерни процедури во согласност со прописите, стандардите и правилата од областа на банкарството и методологијата пропишана од страна на Народна банка.

Со општите акти и интерните процедури од претходниот став се опфаќаат сите материјални ризици на кои е изложена Банката при вршење на одделни и сите видови на финансиски активности, а особено следните видови ризици:

- ликвидностен ризик;
- кредитен ризик, вклучувајќи и ризик на земјата и ризик на друга договорна страна;
- ризик на каматни стапки од портфолио на банкарски активности, валутен ризик и други пазарни ризици;
- ризик од концентрација на изложеност на Банката и
- оперативен ризик, вклучувајќи го и ризикот од неадекватност на информативниот систем.

**Член 15**

Банката е должна да ги води своите трговски книги уредно и ажурно.

Трговските книги и финансиските извештаи се составуваат во согласност со законските прописи и сметководствените стандарди.

Годишните финансиски извештаи и трговските книги ги проверува и оценува друштво за ревизија и изготвува извештај за извршената ревизија, во согласност со Законот за банките и прописите за ревизија.

Банката е должна да доставува извештаи и податоци до Народна банка во согласност со пропишаните видови, форми, методологија, содржина на податоци и рокови.

**Член 16**

Банката може да ги врши следните работи:

1) прибирање на депозити и други повратни извори на средства;

2) кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;

3) кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;

4) издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);

5) издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон;

6) финансиски лизинг;

7) менувачки работи;

8) платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;

9) брз трансфер на пари;

10) издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;

11) изнајмување сефови, остава и депо;

12) тргување со инструменти на пазарот на пари;

13) тргување со девизни средства што вклучува и тргување со благородни метали;

14) тргување со хартии од вредност;

15) тргување со финансиски деривати;

16) управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти;

17) давање услуги на чување на имот на инвестициски и пензиски фондови;

18) купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;

18-а) чување на хартии од вредност за клиенти;

18-б) советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или приспојување на правни лица;

19) продажба на полиси за осигурување;

20) посредување во склучување договори за кредити и заеми;

21) обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;

22) економско-финансиски консалтинг и

23) други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши Банката.

За спроведување на активностите од ставот 1 на овој член, точки 5, 8, 9, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 23, потребна е претходна согласност од гувернерот на Народната банка.

За вршење на активностите од ставот 1 на овој член, точки 3, 13, 14, 15, 16, 17 и 18, освен за тргување со хартии од вредност во земјата, потребен е износ на сопствени средства кој не може да биде помал од 560.000.000,00 денари.

Банката не може директно да извршува работи од областа на индустријата, трговијата или други нефинансиски активности.

## IV. ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ (ОСНОВНА ГЛАВНИНА), ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОЧЕТНИОТ КАПИТАЛ, РЕЗЕРВИ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА

### Член 17

Почетниот капитал (основната главнина) на Банката изнесува 1.368.327.500,00 денари.

За износот од претходниот став на овој член се издадени 516.350 обични акции со право на глас со вкупна номинална вредност од 1.368.327.500,00 денари.

### Член 18

За дополнителни уплати во почетниот капитал на Банката на акционерите им се издаваат акции, а акционерите се стекнуваат со статус акционери на Банката.

За акционер на Банката се смета секое лице кое е запишано во книгата на акции, што се води како електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност А.Д. Скопје.

Акциите што ги издава Банката се обични акции со право на глас и гласат на име.

Акциите што ги издава Банката се со номинална вредност од 2.650 денари за една акција.

Со акцијата имателот докажува дека има право на сопственост на идеален дел од основната главнина на Банката.

### Член 19

Акционер на Банката може да стане домашно и странско правно или физичко лице.

Акционер со квалификувано учество во Банката не може да стане лице или правно лице контролирано од лице:

- на кое му е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

- кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик е осудено со

правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор на шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата;

- на кое му е изречена споредна казна: забрана за добивање дозвола за основање и работа на банка, одземање дозвола за основање и работа на банка, забрана за основање на нови правни лица и привремена или трајна забрана за вршење банкарски работи;
- против кое е поведена стечајна постапка;
- кое не поседува репутација, со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката;
- кое не ги почитува одредбите од законот и прописите донесени врз основа на закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на Банката и нејзините доверители.

**Член 20**

Банката може да издава обични акции со право на глас и приоритетни акции без право на глас.

Вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас во Банката не може да биде поголем од 10% од вкупниот номинален износ на вкупните акции на Банката.

На Банката не се применува одредбата од Законот за трговските друштва за случаите кога приоритетните акции без право на глас даваат право на глас.

**Член 21**

Банката, како издавач на акции, е должна евиденцијата за издадените акции да ја води во Централниот депозитар за хартии од вредност на начин и постапка пропишана од Комисијата за хартии од вредност.

**Член 22**

Условите, начинот, и видот на акциите ќе бидат регулирани поблиску со Одлуката за издавање на акции, во согласност со одредбите од Законот за хартии од вредност и други подзаконски акти.

**Член 23**

Почетниот капитал на Банката може да се зголемува врз основа на Одлука на Собранието на Банката:

- со влогови по пат на емисија (издавање) на нови акции и
- од добивката на Банката и
- од резервите на Банката.

Со одлуката од претходниот став поблиску се регулираат условите за зголемување на почетниот капитал.

**Член 24**

Акциите на Банката можат да се стекнат со уплата при првото издавање, со купување, наследување, подарување, судска одлука и други начини утврдени со закон.

Акциите на Банката во вид на електронски запис се пренесуваат на начин утврден со Законот за хартии од вредност и правилата на Комисијата за хартии од вредност.

**Член 25**

За стекнување на акции директно или индиректно, постапно или одеднаш, чиишто вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од вкупниот број на акции, односно од вкупниот број на издадени акции со право на глас во Банката, без оглед на тоа дали акциите ги стекнува едно лице или заедно со други поврзани лица, директно или индиректно, секое лице е должно да поднесе барање до Народната банка за добивање претходна согласност.

По исклучок од претходниот став на овој член, лице кое врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со Закон стекнало, постапно или одеднаш, акции чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број на акции со право на глас, без оглед на тоа дали акциите ги стекнало само или заедно со други поврзани лица, директно или индиректно, е должно во рок од 10 дена од конечноста, односно правосилноста на Одлуката, да поднесе барање до Народната банка за добивање согласност за настанатата промена.

Во случаите од ставот 1 на овој член, Банката и брокерските куќи не смеат да извршат налог за купување, односно трансакција со акциите на Банката за кои не им е презентирана согласност од Гувернерот.

Акциите, стекнати спротивно на став 1 и 2 од овој член и акциите за кои е повлечена издадената согласност од Гувернерот, на акционерот не му носат право на глас.

**Член 26**

Тргувањето со акциите на Банката се врши на начин и постапка предвидена со закон.

Преносот на сопственоста на акциите врз основа на подарок, наследство, судска одлука и реализација на договор за залог претставува нетрговски пренос.

**Член 27**

Банката може да стекнува сопствени акции со откуп, самата или преку лице кое дејствува од свое име, а за нејзина сметка, до 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката, но износот на откупените акции не смее да го надмине износот на нераспределената добивка.

Откупот, односно стекнувањето и продажбата на сопствените акции, е полноважен ако се изврши во согласност со одредбите од Законот за банки.

**Член 28**

Добивката на Банката преставува разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи, намалени за данокот од добивката.

Добивката на Банката се распределува за:

- покривање на загуби од поранешни години,
- за зголемување на почетниот капитал,
- за дивиденда на акционерите,
- за резервите на Банката,
- за пренос на добивката во наредната година (акумулирана добивка за инвестиции), и
- дел кој им припаѓа на членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, лицата со посебни права и одговорности и вработените.

**Член 29**

Средствата на резервите, Банката ги формира од делот на добивката и ревалоризационите резерви врз основа на одлука на Собранието на Банката.

Средствата на резервите на Банката се сопствени средства на Банката и служат за покривање на загубите што произлегуваат од ризиците со кои се соочува Банката во своето работење.

**Член 30**

За обезбедување од потенцијалните и настанатите загуби, кои произлегуваат од конкретни ризични активни билансни и вонбилансни позиции, Банката е должна да изврши исправка на вредноста, односно да издвои посебна резерва.

Исправката на вредноста и износот на посебната резерва се утврдува на начин и висина според методологијата пропишана од Советот на Народна банка.

**Член 31**

Акционерите на Банката одговараат за ризикот од работењето на Банката до висина на средствата на своите акционерските вложувања.

Акционерите кои дошле во посед на акции по која било правна работа (тргување, наследување, подарок и сл.), одговараат за ризикот од работењето на Банката на начин и во обем како и акционерите од ставот 1 на овој член.

**Член 32**

Банката искажува загуба од работењето доколку од вкупните приходи не ги надомести вкупните расходи, како и даноците, придонесите и другите давачки од добивката.

Банката ја покрива загубата редоследно од следните извори кои се наведуват во одлуката за покривање на загубата:

- акумулирана добивка,
- на товар на задолжителната општа резерва,
- на товар на посебните резерви за покривање загуби,
- премии,
- на товар на основната главнина, со нејзино намалување.

## V. ОРГАНИ НА БАНКАТА, УПРАВУВАЊЕ СО БАНКАТА, ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 33**

Органи на Банката се:

Собранието, Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

## 1. СОБРАНИЕ НА БАНКАТА

**Член 34**

Акционерите своите права во Банката ги остваруваат на Собранието, освен ако со закон поинаку не е определено.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас, освен ако со закон поинаку не е определено.

Акционерите на Банката имаат право на глас, зависно од бројот на акциите со право на глас.

Членовите на Управниот и на Надзорниот одбор учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

**Член 35**

Полномошник на акционер

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на Собранието, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име.

Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на Собранието.

Полномошникот може да добие овластување од еден или повеќе акционери и бројот на акционери кои можат да овластат исто лице за полномошник не е ограничен.

Полномошникот мора да води запис за добиените инструкции за гласање ако имало такви и да ги чува најмалку една година од денот на одржувањето на седницата на Собранието на друштвото на која тој учествувал и гласал, како и да потврди дека ги извршил тие инструкции ако тоа му го побара друштвото или акционерот од кого добил овластување.

Кога полномошникот е ополномоштен од неколку акционери, тој може да дејствува и да гласа за одреден акционер поинаку отколку за друг акционер.

Полномошното има важност сè до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање.

Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на седницата на Собранието со сите акции кои ги поседува и изјави самиот дека ќе расправа, одлучува и гласа со сите акции кои ги поседува, се смета дека полномошното за таа седница на Собранието на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува лично и без ограничување.

**Член 36**

Конфликт на интерес кај полномошникот

Банката нема да ги ограничува лицата да бидат полномошници на Собрание, освен кога кај нив постои состојба на конфликт на интерес во смисла на ставот 2 од овој член.

Состојба на конфликт на интерес постои кога има ризик лицето да има интерес поинаков од интересот на акционерот од кого добило овластување да биде негов полномошник, а особено во случаите определени во членот 392-а, став (2), од Законот за трговските друштва.

Во случај кога постои конфликт на интерес во смисла на одредбите од ставот (2) на овој член, лицето не може да биде полномошник.

По исклучок од ставот (3) на овој член, за полномошник на Собрание можат да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интерес во смисла на ставот (2) од овој член, само под услов, ако тие:
1) претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и
2) добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието за која им важи полномошното.

По исклучок од ставот (3) на овој член, правни лица коишто се акционери можат да овластат со полномошно лице кое е член на нивен орган на управување или е вработен кај нив, да учествува и да гласа на седница на Собранието.

Секој може да ја извести Банката за постоење на конфликт на интерес кај кое било лице кое има добиено полномошно од акционер. Управниот одбор или Надзорниот одбор на Банката, по добивањето на информација за постоење на конфликт на интерес кај едно лице, задолжително мора да ја провери таа информација и да побара од лицето за кое Банката е известена дека кај него постои конфликт на интерес да му ги обелодени сите информации во врска со можното постоење на таквата состојба.

Банката, без одлагање, на својата интернет-страница го објавува идентитетот и причините за постоење на конфликт на интерес кај полномошниците.

Полномошното, дадено во согласност со ставот (4) од овој член на лице кај кое постои конфликт на интерес во согласност со ставот (2) на овој член, важи од денот кога ќе се објави идентитетот на лицето со причината за постоење на конфликт на интерес на интернет-страницата на друштвото.

Дејствијата извршени од полномошници кај кои постоел конфликт на интерес, но истиот не им бил претходно обелоденет на акционерите од кои биле овластени како полномошници, како и на друштвото, ќе се сметаат за лица на кои не им е дадено полномошно.

**Член 37**

Начин на овластување на полномошник

Акционерите на Банката можат да овластат полномошник на седница на Собранието со давање полномошно во писмена форма, без обврска да го заверат полномошното кај нотар. Акционерите треба веднаш да ја известат Банката за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционерот, кој нема

да ја извести Банката за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Банката изготвува полномошно во писмена форма на посебен образец кој е достапен за преземање од интернет страницата на Банката, така што акционерите ќе можат да го преземат електронски за да го отпечатат, пополнат и потпишат. Во случај акционерот од која било причина технички да не може да го преземе образецот за давање полномошно од интернет-страницата на Банката, истиот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Банката е должна да го уважи полномошното дадено во писмена форма ако е писмено известена од акционерот давател на полномошното. Банката може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на инструкциите за гласање, ако такви му се дадени на полномошникот. Полномошното ќе се прифати за полноважно и без нотарска заверка или потврда од домашен или странски надлежен орган.

Одредбите на овој член соодветно се применуваат и на откажување на полномошното по писмен пат.

**Член 38**

Собранието на Банката ги врши следните работи:

1) го усвојува Статутот и измените и дополнувањата на Статутот на Банката;
2) ) ги разгледува и усвојува годишниот извештај за работење на Банката, заедно со писменото мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор;
3) го разгледува и усвојува Извештајот на Друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор;
4) ја усвојува Годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
5) одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка или за покривање на загубите;
6) одлучува за нова емисија на акции на Банката;
7) одлучува за статусни промени и за престанок на работењето на Банката;
8) ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор;
9) избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија;
10) донесува Деловник за работа на Собранието и
11) одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката, предвидени со закон и/или со Статутот на Банката.

Собранието на Банката не може да именува член на Надзорниот одбор на Банката без претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

**Член 39**

Собранието на Банката работи на седници, кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Годишното Собрание на Банката задолжително се одржува пред истекот на 6 (шест) месеци од календарската година за претходната година.

Банката е должна во рок од 15 дена од одржувањето на Собранието на Банката, до НБРМ да го достави записникот од одржаното Собрание, заедно со материјалите и донесените одлуки.

Собранието избира претседавач кој претседава со седницата на Собранието, записничар и двајца заверувачи на записникот, освен ако записникот го води нотар.

Собранието може да избере и двајца бројачи на гласови кои ги пребројуваат гласовите.

Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на Банката што преставува надлежност на другите органи на Банката, освен ако тоа со закон не е поинаку определено.

Со седницата на Собранието претседава претседавач кој го определува редоследот на работа и го одржува редот на седницата на Собранието.

Мандатот на претседавачот трае до изборот на нов претседавач на наредното Собрание на Банката.

За претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое застапува акционер.

За претседавач не може да биде избран член на Надзорниот или Управниот одбор на Банката.

**Член 40**

Свикување на Собрание

Собранието на Банката го свикува Надзорниот одбор на Банката со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со закон, по своја иницијатива или по барање на акционер на Банката.

Надзорниот одбор на Банката го свикува Собранието на барање на акционерите кои имаат најмалку 10% од сите акциите со право на глас.

Во барањето за свикување, што го поднесуваат по писмен пат, акционерите мораат да ги наведат целта и причините на свикување на Собранието, своето име и презиме, место на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседува во Банката.

Барањето се доставува до Надзорниот одбор на Банката во седиштето на Банката. Надзорниот одбор во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на барањето за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

Ако, по барање на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, Надзорниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување на Собранието до судот.

Собранието на Банката се свикува со објавување јавен повик до акционерите. Јавниот повик за одржување на седница на Собранието се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Содржината на јавниот повик се објавува и на насловната страница на официјалната интернет-страница на Банката и се поднесува за објавување и на интернет-страницата на берзата.

Право на учество во работата на седниците на Собранието имаат акционерите запишани во книгата на акции.

**Член 41**

Содржина на јавниот повик

Јавниот повик за свикување на Собранието на Банката содржи потребни податоци во согласност со закон, а особено:

1. Називот и седиштето на Банката;
2. Датумот и часот на одржување на седницата на Собранието;
3. Местото на одржување на седницата;
4. Други процедурални формалности пропишани со овој Статут, што се од значење за присуството на Собранието и за начинот на гласање;
5. Предложениот дневен ред на седницата на Собранието;
6. Опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седницата на Собранието, а особено како:

- акционерите можат да вклучат точки во дневниот ред на Собранието и да предлагаат одлуки, со информација за тоа како истото можат да го прават откако ќе се објави повикот, како акционерите можат да поставуваат прашања за точките на дневен ред на седницата на Собранието и информација за рокот до кој тоа можат да го сторат. По исклучок, јавниот повик може да ги содржи само последните рокови до кои може да се предлагаат точки на дневниот ред, да се поставуваат прашања, односно да се предлагаат одлуки, ако во јавниот повик е наведена официјалната интернет-страница на Банката со упатување дека на истата можат да се најдат детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите,
- се одвива постапката за гласање преку полномошник, како ќе им се направат достапни обрасците за гласање преку полномошник на акционерите кога Банката има подготвено такви обрасци и информација за тоа како Банката е подготвена да ги прими електронските известувања од страна на акционерите за дадени овластувања на полномошници;

7. Адресата на официјалната интернет-страница на Банката на која ќе бидат достапни следните информации:

- содржината на јавниот повик,
- вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик,

- документите и материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието,
- предложените одлуки за донесување,
- предложените одлуки од акционерите и
- обрасците за гласање преку полномошник.

Рокот кој тече од денот на објавувањето на повикот за учество на Собранието на Банката до денот на одржувањето на Собранието не може да биде пократок од 30 дена.

Свикувањето на Собранието на Банката може да се отповика – одложи – најдоцна пет работни дена пред одржувањето на Собранието на начин на кој Собранието било и свикано.

**Член 42**

Пријавување и евиденција за присуство на Собранието

Секој акционер, кој има намера да учествува на свиканото Собрание, е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Списокот на пријавените акционери го подготвува Управниот одбор на Банката, односно лицето овластено за свикување на Собранието во случај кога Собранието се свикува врз основа на судска одлука.

Пред почетокот на седницата, Управниот одбор, односно лицето овластено за свикување на Собранието, го споредува списокот на пријавени акционери со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Пред почетокот на одржувањето на Собранието, списокот на пријавени и присутни акционери од овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер, со што го верификува своето присуство на Собранието. Потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот на Собранието и записничарот. По заверката на списокот, претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа.

Заверениот список од претходниот став на овој член им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија од потпишаниот список на свој трошок, кој трошок не може да биде поголем од вистинскиот направен трошок.

**Член 43**

Кворум за работа на Собранието

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас .

Ако на Собранието не се обезбеди присуството од ставот 1 на овој член, Собранието не може да почне со работа. За време, што не е подолго од 15 дена од денот за којшто е закажано одржувањето на Собранието коешто немало кворум за работа, се закажува нов термин за одржување на Собранието (презакажано Собрание), коешто и се одржува во овој рок. Новиот термин за одржување на презакажаното Собрание се објавува на ист начин на којшто е објавено свикувањето на Собранието коешто немало кворум за работа.

На презакажаното Собрание учеството повторно не се пријавува.

На презакажаното Собрание може да се одлучува по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на Собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното Собрание не може да се одлучува за прашања за коишто, според закон, се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството за кворум за работа.

**Член 44**

Мнозинство со кое се одлучува на Собранието

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени во Собранието, освен ако со закон и со овој Статут не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на Собранието.

Една акција носи право на еден глас.

Одлуката на Собранието на Банката за измена и дополнување на Статутот на Банката, се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас.

Одлуките на Собранието на Банката се донесуваат со двотретинско мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието за:

- зголемување и намалување на почетниот акционерскиот капитал на Банката,
- промена на фирмата и седиштето на Банката,
- статусните измени и престанокот на Банката и
- сите други случаи предвидени со закон.

Собранието на Банката одлучува со просто мнозинство од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието:

- за назначување и разрешување на членови на Надзорниот одбор на Банката.

**Член 45**

Начин на гласање и утврдување на резултатите од гласањето

Начинот на гласање на Собранието е јавно гласање.

По барање на акционерите, кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање, кое се спроведува на начин и во постапка во согласност со закон.

За секоја одлука за која се гласало на седница на Собранието, Банката го утврдува вкупниот број на акции за кои биле дадени важечки гласови, вкупниот број на важечки гласови и делот од основната главнина кој го претставуваат тие

и бројот на гласови „за“, „против“ и „воздржан“ за секоја одлука што е предмет на гласање на Собранието.

По исклучок, ако ниту еден акционер не стави забелешка на гласањето, односно не побара целосен отчет за резултатите од гласањето, Банката може да ги утврди резултатите од гласањето само до степен потребен да се прикаже дека потребното мнозинство за секоја одлука е постигнато.

Во рок од 15 дена од денот на одржаната седница на Собранието, Банката на својата интернет-страница ги објавува резултатите од гласањето.

**Член 46**

Физичкото или правното лице кое е акционер во Банката може да презема дејства за време на вршењето на неговата дејност за сметка на друго физичко или правно лице (клиент). Лицето, кое презема дејства во име на еден или повеќе клиенти, мора да го обелодени на Банката идентитетот на секој свој клиент и бројот на акциите чие право на глас го остварува за сметка на секој клиент, како и содржината на овластувањето и инструкциите за гласање ако такви инструкции примил од клиентот.

Лицето од претходниот став на овој член може да гласа поинаку за едни акции со право на глас од други акции со право на глас за сметка на ист клиент.

**Член 47**

Дневен ред и вклучување нови точки на дневниот ред

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.

Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на Собранието коешто ќе биде свикано.

Акционерите, кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право писмено да предложат:

- дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки ако истовремено приложат образложение за предложената точка за дополнувањето на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка,
- усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата.

Барањето од претходниот став, за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување, се испраќа до Управниот одбор на Банката, односно до свикувачот на Собранието во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на Собранието на Банката

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието кое е свикано не може да се одбие, освен во случаите определени со закон.

Во случај кога остварувањето на правото на акционерите од ставот 4 на овој член повлекува измена на дневниот ред на седницата на Собранието кој веќе им е објавен на акционерите, Банката го става на располагање ревидираниот дневен ред на истиот начин како и претходниот дневен ред пред датумот на одржување на седницата на Собранието. Ревидираниот дневен ред е

уредно ставен на располагање ако акционерите можат навремено да овластат полномошници.

**Член 48**

Право на поставување прашања

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието, а Банката е должна да одговори преку својот овластен орган или застапник. Поставувањето на прашања од акционерите и обврската на Банката да одговори можат да бидат претходно условени со потребата да се потврди личниот идентитет на акционерите кои поставиле прашања, одржувањето на ред во заседавањето и работата на Собранието или преземање активности за зачувувањето на доверливоста на работењето, принципите на банкарската и деловната тајна, како и деловните интереси на Банката. Банката може да даде збирен одговор на прашањата со иста содржина. Прашањата и одговорите се објавуваат на интернет-страницата на Банката во формат на прашања и одговори.

**Член 49**

Продолжување на прекината седница

Ако дојде до прекин на седницата на Собранието што започнало со работа, присутните акционери на седницата на Собранието можат да одлучат Собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на Собранието.

Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.

Ако дојде до прекин на седницата на Собранието што започнало со работа, а истото не донело одлука за продолжување со работа, во согласност со претходниот став на овој член, претседавачот на Собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на Собранието, а натамошната постапка продолжува во согласност со Законот.

**Член 50**

Записник

За работата на Собранието се води записник кој содржи податоци утврдени со закон.

Доколку Собранието одлучува за измена на податок што, во согласност со закон, се запишува во Трговскиот регистар, записникот го води нотар.

За записничар и заверувач на записник не може да биде избран член на Управниот одбор, Надзорниот одбор, ниту претседавачот на Собранието.

Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на Собранието, а го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието и го заверуваат заверувачи.

Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на Собранието и го потпишуваат нотарот и претседавачот на Собранието.

**Член 51**

Деловник за работа на Собранието

Со Деловникот за работа на Собранието на Банката се регулираат начинот на работа, како и други прашања од значење за работата на Собранието на Банката.

## 2. НАДЗОРЕН ОДБОР

2.1.Состав, мандат и услови за именување

**Член 52**

Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 5 (пет) члена.

Во Надзорниот одбор на Банката 3 (три) члена се од редот на акционерите и 2 (два) се независни членови.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.

Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат претседател.

**Член 53**

Член на Надзорниот одбор на Банката не може да биде лице:

1. кое е член на Советот на Народна банка,
2. кое е вработено во Народна банка,

2-а) кое, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик, е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата;

3. на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
4. кое не поседува репутација, со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката;
5. кое не ги почитува одредбите од Законот за банки и прописите донесени врз основа на тој Закон и/или не ги спроведувало или постапувало спротивно на мерките изречени од Гувернерот, со што биле загрозени сигурноста и стабилноста на Банката.
6. член на надзорен одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија или управен одбор на друга банка или е вработено во друга банка;
7. лице кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.

Покрај лицето од ставот 1 на овој член, член на Надзорниот одбор на Банката не може да биде и лице вработено во Банката.

Член на Надзорниот одбор на Банката може во исто време да биде и:

- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции, или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

Ограничувањата од ставот 1, точка 6, и ставот 3 од овој член не се однесуваат на членство во:

- органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок, и
- во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.

Во случаите кога Банката, како дел од банкарска група, спроведува политики за групата, членовите на Надзорниот одбор треба да обезбедат тие политики да се соодветни за Банката и се во согласност со законите на Република Македонија и стандардите на Народна банка.

Банката мора да обезбеди мнозинството членови на Надзорниот одбор да се достапни на барање на Народна банка.

Членовите на Надзорниот одбор треба да имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности, да избегнуваат судир на интересите и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банки.

Членовите на Надзорниот одбор треба заедно да имаат знаења и искуство потребни за независен надзор на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена.

Исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор подолго од 3 (три) последователни мандати.

**Член 54**

Членовите на Надзорниот одбор имаат право на паричен надоместок и учество во добивката на Банката.

Учеството по правило се состои од удел во годишната добивка на Банката.

Доколку на членовите на Надзорниот одбор им е одобрен удел во годишната добивка на Банката, уделот се пресметува според годишната добивка, намалена за загубата пренесена од претходната година и за износите кои според Законот и Статутот на Банката се одземаат од годишната добивка за Статутарни резерви.

Одредбите што се спротивни на оваа одредба се ништовни.

**Член 55**

Собранието со одлука може да ги отповика сите членови на Надзорниот одбор, односно член на Надзорниот одбор, и пред истекот на времето за коешто биле избрани.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор задолжително престанува пред истекот на времето за коешто биле избрани во следните случаи:

- ако престанат да бидат исполнети условите кои овозможуваат назначување на член на Надзорниот одбор;
- ако гувернерот на НБРМ ја повлече согласноста за именување на член на Надзорниот одбор;
- по сопствено – лично барање/оставка;
- во други случаи утврдени со закон.

На членовите на Надзорниот одбор може предвремено да им престане мандатот со разрешување поради работење спротивно на закон, Статутот и добрите деловни обичаи.

Во случајот на предвремено престанување на функцијата на членовите на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетите места, при што на новоименуваните членови им се определува мандат во траење од 4 (четири) години.

2.2.Надлежности и одговорности

**Член 56**

Надзорниот одбор е одговорен за стабилноста и ефикасноста на Банката и за заштита на депонентите на Банката.

Надзорниот одбор и вработените во Банката имаат доверлива задача да им служат на Банката и на клиентите на Банката и интересите на Банката и интересите на клиентите да ги стават пред својот сопствен материјален интерес.

**Член 57**

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.

Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народна банка.

Надзорниот одбор ги врши и следните работи:

1) ги усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;
2) именува и разрешува членови на Управниот одбор на Банката;
3) именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици;
4) именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;
5) го усвојува финансискиот план на Банката;
6) организира Служба за внатрешна ревизија;
7) го одобрува годишниот план на Службата за внатрешна ревизија;
8) ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;
9) ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;

10) усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;
11) усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;
12) донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
13) ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката;
14) ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
15) ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;
16) ги разгледува извештаите на Службата за внатрешна ревизија;
17) ги разгледува извештаите на лицето/службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;
18) ги одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
19) одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Република Македонија;
20) одобрува трансакции со поврзани лица со банката во износ од над 6.000.000 денари;
21) го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на Банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Република Македонија;
22) го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
23) ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
24) ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народна банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;
25) го одобрува годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката;
26) го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери;
27) го усвојува Кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката
28) го усвојува Етичкиот кодекс на Банката, преку кој ги промовира корпоративната култура и вредностите на Банката и
29) на годишно ниво ја ревидира стратегијата за управување со ризици, политиките за управување со ризици на банката и политиката за користењето услуги од надворешни лица.

**Член 58**

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на  поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката.

Надзорниот одбор на Банката не може да именува член на Управниот одбор на Банката без претходна согласност од гувернерот на НБРМ, освен во случаите од членот 92, став 5, од Законот за банки.

**Член 59**

Подетални одредби за составот, делокругот на надлежности и одговорности, начинот на работење и оценката на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор на Банката поблиску се регулираат со Деловникот за работа на Надзорниот одбор на Банката и со Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор

**Член 60**

Членовите на Надзорниот одбор имаат исти права и обврски.

Работите ги вршат заедно, според овластувањата определени со закон и со овој Статут.

Од редот на своите членови, Надзорниот одбор на Банката формира помошни одбори кои му помаагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности.

За надлежностите поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на политиката за наградување, Надзорниот одбор формира посебен Одбор за наградување, а за надлежностите поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор, Надзорниот одбор на Банката формира посебен Одбор за именување.

Покрај одборите од претходниот став, Надзорниот одбор може да формира и други одбори коишто му помагаат во спроведување на неговите надлежности.

Поблиските одредби за основањето, делогругот на надлежности, начинот на работа, фреквенцијата на состанување и одлучување на Одборот за наградување, Одборот за именување, како и на другите одбори формирани од страна на Надзорниот одбор, се пропишуваат со посебни интерни акти на Банката за работа на овие помошни одбори.

2.3. Фреквенција на состанување, свикување и одржување на седници, начин на донесување одлуки, кворум за работа и за одлучување, записници

**Член 61**

1. Надзорниот одбор одлучува на седници.

Надзорниот одбор се состанува најмалку еднаш квартално.

Седниците на Надзорниот одбор по правило ги свикува претседателот на Надзорниот одбор на Банката, а во негово отсуство членот кој по овластување на претседателот ќе претседава со седницата.

Секој член на Надзорниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот на Надзорниот одбор да свика седница на Надзорниот одбор. Седницата мора да се одржи во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето

Со поканата за седницата на членовите на Надзорниот одбор и на другите поканети лица им се доставува дневниот ред со материјалите по односните точки, и тоа најдоцна 5 дена пред одржувањето на седницата.

По исклучок, во одделни итни случаи седницата може да се закаже по факс или по телефон, а материјалите од дневниот ред да се достават и на денот на одржувањето на седницата.

2. Надзорниот одбор одржува седница и донесува полноважни одлуки ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Надзорниот одбор.

За присутни на Седницата се сметаат и членовите кои користат конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин. Учеството на седницата се запишува во записникот на Надзорниот одбор кој го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата организирана на ваков начин.

На седницата можат да бидат поканети и други лица за кои ќе одлучи Надзорниот одбор на Банката, без право на глас.

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување на седница за што сите членови на Одборот даваат согласност за одлуката која се донесува без одржување на седница. Давањето на согласноста се врши со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

По исклучок, во определени случаи, на предлог на претседателот на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор може да одлучи определена седница или само нејзин дел да се одржи без присуство на други лица, освен оние кои ќе ги определи Надзорниот одбор.

3. Седницата на Надзорниот одбор ја отвора и со неа раководи претседателот, а ако претседателот на Надзорниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со седницата на Надзорниот одбор раководи член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.

По отворањето на седницата, претседателот утврдува дека е присутен потребниот број на членови за да може Надзорниот одбор да работи и полноважно да одлучува.

Доколку присуството на седницата не е доволно, седницата се одлага и се закажува нова седница во рок не подолг од 15 дена.

4. Ако на седницата присуствува потребниот број на членови на Надзорниот одбор, претседателот го предлага дневниот ред на усвојување.

Секој член на Надзорниот одбор има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред. Доколку има предлози за измена и дополнување на дневниот ред, членовите на Надзорниот одбор најпрво се

изјаснуваат за предложената измена и дополнување, а потоа се усвојува дневниот ред.

Предложените измени и дополнувања, како и дневниот ред во целина, се сметаат за усвоени ако за нив се изјаснат повеќето од половината од присутните членови на Надзорниот одбор.

5. По усвојувањето на дневниот ред се пристапува кон работа по материјалите по одделните точки од дневниот ред, по редослед.

Доколку тоа е потребно, пред да се отвори расправата, за одделни точки од дневниот ред воведно образложение даваат претседателот на Управниот одбор, членовите на Управниот одбор и претставниците од редот на стручната служба на Банката.

Учеството во расправата се врши со усно пријавување и давање збор од страна на претседателот на Надзорниот одбор, според редот на пријавувањето.

Во расправата можат да се вклучат и лицата што не се членови на Надзорниот одбор, но само со цел да дадат појаснување по одделни прашања од дневниот ред.

6. Во расправата, претседателот кај учесниците инсистира на конструктивност, придржување кон точката на дневен ред и материјалот што се расправа, со потенцирање, доколку се има поинакво мислење, став, препорака, заклучок или одлука од предложеното во материјалот, тоа да се формулира и даде во вид на предлог.

По констатацијата на претседателот дека по одделната точка од дневниот ред дискусијата е исцрпена, се предлага изјаснување со гласање.

7. Предлогот по кој се гласа мора да биде правилно и јасно формулиран.

Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, одделно се гласа за секој предлог, и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство гласови.

Гласањето по предлогот се врши поимenично.

Членот на Надзорниот одбор може да гласа “ЗА“ предлогот и “ПРОТИВ“ предлогот, што се констатира и записнички.

8. Надзорниот одбор на Банката на својата седница одлучува во форма на одлуки, заклучоци, мислења, ставови и препораки.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката се смета дека се донесени ако за неа гласале повеќе од половината од членовите на Надзорниот одбор.

Во случај на изедначен број на гласови, гласот на претседателот на Надзорниот одбор е одлучувачки.

Одлуките на Надзорниот одбор влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со закон или со одлуката не е поинаку определено.

Одлуките, донесени во согласност со членот 61, точка 2, став 4, од овој Статут, влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на

сите членови на Одборот, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила.

Одлуките на Надзорниот одбор ги потпишува Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство членот кој претседава со седницата.

9. Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката што ги донесува Надзорниот одбор ги потпишува претседателот на Надзорниот одбор или членот кој заседава со седницата, а ги спроведува Управниот одбор на Банката преку стручните служби на Банката.

Доколку документите наведени во претходниот став не се дооформени, стручната служба на Банката е должна да ги дооформи во рок од три дена од одлучувањето и така уредно изготвени да ги достави до Надзорниот одбор на Банката.

10. За текот на седницата на Надзорниот одбор се води записник.

Записникот се изготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

Записникот содржи податоци за: времето и местото на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата/дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата/дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за“ и „против“ одлуките усвоени на седницата.

Во записникот може по барање на членот кој гласал „за” или „против“ предлогот, да се внесе и причината зошто така гласал.

Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот го води лице вработено во Банката.

Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата.

Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кои биле присутни на седницата. Записникот го потпишува и претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство членот на Надзорниот одбор кој претседавал со седницата.

Записникот за одлуки донесени без одржување на седница (со писмена согласност) се изготвува и потпишува во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која е донесена без одржување на седница.

**Член 62**

Членот на Надзорниот одбор е должен овластувањата што му се дадени со закон и со овој Статут да ги врши во интерес на Банката и на сите акционери, со внимание на уреден и совесен трговец, и не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на Банката, а кои ги добиле како доверливи.

Обврската од ставот 2 на овој член трае и по престанувањето на мандатот во Надзорниот одбор.

Во текот на извршувањето на своите должности, членот на Надзорниот одбор може да се потпира на информации, на мислења или на извештаи подготвени од независни правни советници, независни овластени сметководители, овластени ревизори и други лица за кои се верува дека се доверливи и компетенти за работите што ги вршат, при што не се смета дека со тоа е ослободен од својата обврска да постапува со внимание на уреден и совесен трговец

## 3. ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

3.1.Состав, мандат и услови за именување

**Член 63**

1. Одборот за управување со ризици во Банката се состои од 3 (три) члена кои ги именува Надзорниот одбор на Банката.

Одборот за управување со ризици на Банката го сочинуваат:

- Претседателот на Управниот одбор
- Членот на Управниот одбор кој раководи со Секторот за управување со ризици и
- Директорот на Секторот за финансии и контролинг.

2. Членовите на Одборот за управување со ризици се избираат од редот на лицата со посебни права и одговорности кои се вработени во Банката.

Еден од членовите на Управниот одбор на Банката задолжително е член на Одборот за управување со ризици.

3. Член на Одборот за управување со ризици на Банката треба да ги исполнува условите од членот 53, став 1, од Статутот.

Ограничувањата од член 53, став 1, точка 6, не се однесуваат на членство во:

- органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок, и
- во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.

4. Членовите на Одборот за управување со ризици задолжително треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку 3 години, да имаат познавање за работењето на Банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена Банката.

5.Претседателот на Одборот за управување со ризици го назначува Надзорниот одбор од редот на членовите на Одборот за управување со ризици.

6. Мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици трае четири години.

7. На член на Одборот за управување со ризици, членството во Одборот за управување со ризици може да му престане и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- по негово барање;

- во случаи определени со закон ;
-со отповикување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

3.2.Надлежности и одговорности

**Член 64**

1. Одборот за управување со ризици ги врши следните работи:

1) перманентно го следи и оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици, со цел да се минимизираат загубите од изложеност на Банката на ризик;
2) воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена;
3) ги следи прописите на Народна банка, кои се однесуваат на управувањето со ризици, и усогласеноста на Банката со овие прописи;
4) врши оцена на системите на управување со ризиците во Банката.
5) утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на кои е изложена Банката.
6) ги анализира извештаите за изложеноста на Банката на ризик, изработени од службите во Банката кои вршат оцена на ризиците, и предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици.
7) ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола во управувањето со ризици;
8) ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката;
9) ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици,
10) ја оценува усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди Банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката.
11) квартално го известува Надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите, и
12) одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката.

2. Членовите на Одборот за управување со ризици имаат обврска индивидуално да ги следат ризиците, и тоа:

- Претседателот на Одборот за управување со ризици го следи и известува за: стратегискиот ризик, репутацискиот ризик, правниот ризик, усогласеноста на Банката со прописите, спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам, сигурноста на информативниот систем, информатичката технологија, кредитните досиеја и „познавај го својот клиент“;

- членот на Одборот за управување со ризици, одговорен за Секторот за управување со ризици, има обврска да ги следи: кредитниот ризик, пазарниот

ризик, ризикот на клиентите, оперативниот ризик, перманентната супервизија, и да известува за нив;

- членот на Одборот за управување со ризици, кој е и директор на Секторот за финансии и контролинг има обврска да следи и известува за: постојаните средства, адекватноста на капиталот, ликвидносниот ризик, ризикот на земја, управувањето со средствата и обврските, финансиските извештаи, ИФРС, сметководството и финансиите.

3. Одборот за управување со ризици, на неделна основа, ги следи кредитните досиеја.

4. Одборот за управување со ризици, на месечна основа, ги разгледува резервациите со вклучено нето-чинење на ризикот, извештајот за финансискиот резултат и извештајот од одговорното лице за усогласеност со прописите.

5. Одборот за управување со ризици, на квартална основа, ги разгледува сите извештаи поднесени од одборите во ОБСГ, финансискиот извештај, со компаративна анализа на реализираното со проекциите во буџетот и планот на ОБСГ, наплатата на проблематичните кредити, информациите за судски постапки, оперативен ризик, спречувањето на перење пари.

6. Одборот за управување со ризици најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истата ја доставува до Надзорниот одбор.

3.3. Фреквенција на состанување, свикување и одржување на седници, начин на донесување одлуки, кворум за работа и за одлучување, записници

**Член 65**

1.Одборот за управување со ризици се состанува најмалку еднаш неделно.

Одборот за управување со ризици може да одржи седница и да донесува полноважни одлуки ако се присутни мнозинството членови на Одборот за управување со ризици.

Седниците на Одборот за управување со ризици ги свикува и со нив раководи претседателот на Одборот за управување со ризици.

Секој член на Одборот за управување со ризици, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот на Одборот за управување со ризици да свика седница на Одборот за управување со ризици.

2. Претседателот на Одборот за управување со ризици, врз основа на увидот во материјалите, го утврдува предлогот на дневниот ред и ја закажува седницата на Одборот за управување со ризици.

Во поканата за седницата се внесуваат денот, часот и местото на одржувањето на седницата.

3. Со поканата за седницата, на членовите на Одборот за управување со ризици и другите поканети лица им се доставува дневниот ред со материјалите по однoсните точки, и тоа најдоцна 2 дена пред одржувањето на седницата.

По исклучок, во одделни итни случаи седницата може да се закаже по факс или по телефон, а материјалите од дневниот ред може да се достават и на денот на одржувањето на седницата.

4. Седницата на Одборот за управување со ризици ја отвора и со неа раководи претседателот, а ако претседателот на Одборот за управување со ризик од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со седницата на Одборот за управување со ризици раководи член на Одборот за управување со ризици кој тој ќе го определи.

По отворањето на седницата, претседателот утврдува дека е присутен потребниот број на членови за да може Одборот за управување со ризици да работи и полноважно да одлучува.

На седницата на Одборот за управување со ризици може да присуствуваат и други лица од редот на стручните служби на Банката, без право на глас.

5. Ако на седницата присуствува потребниот број на членови на Одборот за управување со ризици, претседателот го предлага дневниот ред на усвојување.

Секој член на Одборот за управување со ризик има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред. Доколку има предлози за измена и дополнување на дневниот ред, членовите на Одборот за управување со ризици најпрво се изјаснуваат за предложената измена и дополнување, а потоа се усвојува дневниот ред.

Предложените измени и дополнувања, како и дневниот ред во целина, се сметаат за усвоени ако за нив се изјаснат повеќето од половината од членовите на Одборот за управување со ризици.

6. По усвојувањето на дневниот ред се пристапува кон работа по материјалите по одделните точки од дневниот ред, по редослед.

Доколку тоа е потребно, пред да се отвори расправата, за одделни точки од дневниот ред воведно образложение даваат претседателот на Одборот за управување со ризици, членовите на Одборот за управување со ризици и претставниците од редот на стручната служба на Банката.

Учеството во расправата се врши со усно пријавување и давање збор од страна на претседателот на Одборот за управување со ризици, по редот на пријавувањето.

За присутни на Седницата се сметаат и членовите кои користат конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

Одборот за управување со ризици може да одлучува и без одржување на седница, за што сите членови на Одборот даваат согласност за одлуката која се донесува без одржување на седница. Давањето на согласноста се врши со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката. За сите акти донесени со писмена согласност на членовите на Одборот се изготвува записник.

7. Во расправата можат да се вклучат и лицата што не се членови на Одборот за управување со ризици, но само со цел да дадат појаснување по одделни прашања од дневниот ред.

По констатацијата на претседателот дека по одделната точка од дневниот ред дискусијата е исцрпена, се предлага изјаснување со гласање.

8. Предлогот по кој се гласа мора да биде правилно и јасно формулиран.

Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, одделно се гласа за секој предлог, и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство гласови.

Гласањето по предлогот се врши јавно.

Членот на Одборот за управување со ризик може да гласа „ЗА“ предлогот, и „ПРОТИВ“ предлогот, што се констатира и записнички.

9. Одборот за управување со ризици на Банката на својата седница одлучува во форма на одлуки, заклучоци, мислења, ставови и препораки.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката се смета дека се донесени ако за неа гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови на Одборот за управување со ризици.

Во случај на изедначен број на гласови, гласот на претседателот на Одборот за управување со ризици е одлучувачки.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката што ги донесува Одборот за управување со ризици ги потпишува претседателот на Одборот за управување со ризици, односно членот кој претседава со седницата, а ги спроведуваат стручните служби на Банката.

10. За текот на седницата на Одборот за управување со ризици се води записник.

Записникот се изготвува  во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

Записникот содржи податоци за: времето и местото на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата/дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата/дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за“ или „против“  одлуките усвоени на седницата.

Во записникот може, по барање на членот кој гласал „за“ или „против“ предлогот, да се внесе и причината зошто така гласал.

Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата.

Записникот го потпишуваат сите членови на Одборот за управување со ризици кои биле присутни на седницата.

**Член 65-а**

Подетални одредби за составот, делокругот на надлежности и одговорности  и начинот на работење на Одборот за управување со ризици на Банката поблиску се регулираат со Деловникот  за работа на Одборот за управување со ризици на Банката и со Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

## 4. ОДБОР ЗА РЕВИЗИЈА

4.1.Состав, мандат и услови за именување

**Член 66**

1. Одборот за ревизија се состои од 5 (пет) члена.

2. Членовите на Одборот за ревизија ги именува Надзорниот одбор на Банката со мандат од 4 години.

3. Мнозинството членови во Одборот за ревизија, и тоа 3 (три) члена, се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а останатите, односно 2 (два) члена, се независни членови.

4. Најмалку еден член на Одборот за ревизија мора да биде овластен ревизор.

5. Вработен во друштвото за ревизија определено од Банката не може да биде член на Одборот за ревизија.

6. Членовите на Одборот за ревизија од своите редови избираат претседател кој е одговорен за организација на работата на Одборот за ревизија.

7. Покрај исполнување на условите од членот 53, став 1, од Статутот, членовите на Одборот за ревизија треба да имаат соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството, како и познавање за работењето на Банката, нејзините производи, ризиците на кои е изложена Банката, системите за внатрешна контрола и политиките за управување со ризици на Банката и сметководството и ревизијата.

Ограничувањата од член 53, став 1, точка 6, не се однесуваат на членство во:

- органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок, и
- во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.

8. На член на Одборот за ревизија, членството во Одборот за ревизија може да му престане и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- по негово барање;
- во случаи определени со закон;
- со отповикување од страна на Собранието на Банката.

9. Одборот за ревизија донесува Деловник за работа што го одобрува Надзорниот одбор на Банката.

4.2.Надлежности и одговорности

**Член 67**

Одборот за ревизија ги врши следните работи:

1) ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации, за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди,
2) ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;

3) ја следи работата и ја оценува ефикасноста на Дирекцијата за внатрешна ревизија;
4) го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
5) ги донесува сметководствените политики на Банката;
6) ја следи усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
7) одржува состаноци со Управниот одбор, Дирекцијата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите на Банката;
8) ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици,
9) предлага назначување на друштво за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија;
10) најмалку еднаш во три месеци го известува Надзорниот одбор на Банката за својата работа;
11) најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно;

Одборот за ревизија поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор на Банката, во кој е содржана оценката за сопствената работа.

На независните членовите на Одборот за ревизија за нивната работа во Одборот им следува надоместок.

4.3. Фреквенција на состанување, свикување и одржување на седници, начин на донесување одлуки, кворум за работа и за одлучување, записници

**член 68**

1. Одборот за ревизија работи и одлучува на седници.

Седниците на Одборот за ревизија ги свикува претседателот најмалку еднаш на секои три месеци или почесто по барање на Надзорниот одбор.

Одборот за ревизија може да одржи седница и да донесува полноважни одлуки ако се присутни мнозинство од вкупниот број на членови на Одборот за ревизија.

За присутни на Седницата се сметаат и членовите кои користат конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

Одборот за ревизија може да одлучува и без одржување на седница, за што сите членови на Одборот даваат согласност за одлуката која се донесува без одржување на седница. Давањето на согласноста се врши со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката. За сите акти донесени со писмена согласност на членовите на Одборот се изготвува записник.

2. Дневниот ред на седницата на Одборот за ревизија го предлага раководителот на Дирекцијата за внатрешна ревизија, а претседателот на Одборот за ревизија ја закажува седницата на Одборот за ревизија.

Во поканата за седницата се внесуваат денот, часот и местото на одржувањето на седницата.

Со поканата за седницата, на членовите на Одборот за ревизија и на другите поканети лица им се доставува дневниот ред со материјалите по односните точки, и тоа најдоцна 5 дена пред одржувањето на седницата.

По исклучок, во одделни итни случаи седницата може да се закаже по факс или по телефон, а материјалите од дневниот ред може да се достават и на денот на одржувањето на седницата.

3.Седницата на Одборот за ревизија ја отвора и со неа раководи претседателот на Одборот за ревизија, а ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со седницата раководи член на Одборот за ревизија именуван од претседателот на Одборот за ревизија.

По отворањето на седницата, претседателот утврдува дали е присутен потребниот број на членови за да може Одборот за ревизија да работи и полноважно да одлучува.

Доколку присуството на седницата не е доволно, седницата се одлага и се закажува нова седница во рок, кој нема да биде подолг од 15 дена.

4. Ако на седницата присуствува потребниот број на членови на Одборот за ревизија, претседателот го предлага дневниот ред на усвојување.

Секој член на Одборот за ревизија има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред. Доколку има предлози за измена и дополнување на дневниот ред, членовите на Одборот за ревизија најпрвин се изјаснуваат за предложената измена и дополнување, а потоа се усвојува дневниот ред.

Предложените измени и дополнувања, како и дневниот ред во целина, се сметаат за усвоени ако за нив се изјаснат мнозинството од присутните од членовите на Одборот за ревизија.

5. По усвојувањето на дневниот ред се пристапува кон работа по материјалите по одделни точки од дневниот ред, по редослед.

Доколку тоа е потребно, пред да се отвори расправата за одделни точки од дневниот ред, воведно образложение даваат претставниците на стручните служби на Банката.

Учеството во расправата се врши со усно пријавување и давање збор од страна на претседателот на Одборот за ревизија според редот на пријавувањето.

Во расправата можат да се вклучат и лицата кои не се членови на Одборот за ревизија, но само со цел да дадат појаснување по одделните прашања од дневниот ред и без право на глас.

По констатацијата на претседателот дека по одделната точка дискусијата е исцрпена, се предлага изјаснување со гласање.

6. Предлогот по кој се гласа мора да биде правилно и јасно формулиран.

Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, одделно се гласа за секој предлог, и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство гласови.

Гласањето по предлогот се врши поименично.

Член на Одборот за ревизија може да гласа „ЗА“ предлогот или „ПРОТИВ“ предлогот, што се констатира и записнички.

7. Одборот за ревизија на Банката на својата седница одлучува во форма на одлуки, препораки, ставови, мислења, заклучоци.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставовите и препораката се смета дека е донесена ако за неа гласале мнозинството од вкупниот број на членови на Одборот за ревизија.

Во случај на изедначен број гласови, гласот на претседателот на Одборот за ревизија се смета за одлучувачки.

Одлуката, заклучоците, мислењето, ставовите и препораките што ги донесува Одборот за ревизија ги потпишува претседателот на Одборот за ревизија, или членот кој претседава со седницата.

8. За текот на седницата на Одборот за ревизија се води записник.

Записникот се изготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

Записникот содржи податоци за: местото и времето на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата/дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата/дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „ЗА“ или „ПРОТИВ“ одлуките усвоени на седницата.

Во записникот може, по барање на членот кој гласал „за“ или „против“ предлогот, да се внесе и причината зошто така гласал.

Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот го води лице вработено во Банката.

Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата.

Записникот го потпишуваат претседателот на Одборот за ревизија и записничарот.

Записникот од претходната седница се усвојува на првата наредна седница на Одборот за ревизија.

**Член 68-а**

Подетални одредби за составот, делокругот на надлежности и одговорности и начинот на работење на Одборот за ревизија на Банката поблиску се регулираат со Деловникот за работа на Одборот за ревизија на Банката и со Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

## 5. УПРАВЕН ОДБОР

5.1.Состав, мандат и услови за именување

**Член 69**

Управниот одбор на Банката се состои од 4 (четири) лица.

Член на Управниот одбор на Банката задолжително треба да има соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и финансиите, 6 години успешно работно искуство од областа на финансиите или банкарството или 3 години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во банка, со активности соодветни на Банката.

Членовите на Управниот одбор треба заедно да поседуваат стручни знаења и искуство потребни за независно управување на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена, во согласност со правилата за корпоративно управување пропишани од страна на Народна банка.

Член на Управниот одбор на Банката може да биде лице кое ги исполнува условите од членот 53, став 1, од Статутот.

Член на Управниот одбор на Банката може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор, односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

Член на Управниот одбор на Банката не може да биде лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

Ограничувањата од член 53, став 1, точка 6, и ставовите 5 и 6 од овој член не се однесуваат на членство во:

- органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок, и
- во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.

Во случаите кога Банката, како дел од банкарска група, спроведува политики за групата, членовите на Управниот одбор треба да обезбедат тие политики да се соодветни за Банката и да се во согласност со законите на Република Македонија и стандардите на Народна банка.

Банката мора да обезбеди мнозинството членови на Управниот одбор да се достапни на барање на Народната банка.

Членовите на Управниот одбор мора да се во постојан работен однос во Банката и барем еден од членовите мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Македонија.

Управниот одбор има претседател.

Претседателот на Управниот одбор го избира Надзорниот одбор од редот на членовите на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор и членовите на Управниот одбор се именуваат за период од 4 години, со можност за повторно именување.

Претседателот на Управниот одбор ја преставува Банката.

Банката може да биде преставена и од член на Управниот одбор кој ќе го определи претседателот на Управниот одбор на Банката.

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се уредуваат со договор кој го склучуваат членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор во име на Банката, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор.

На член на Управниот одбор членството во Управниот одбор може да му престане и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- по негово барање;
- по сила на закон и
- со отповикување од страна на Надзорниот одбор.

Доколку бројот на членовите на Управниот одбор на Банката се намали под пропишаниот со Законот за банки, Надзорниот одбор од своите редови именува вршител или вршители на должноста член(ови) на Управниот одбор.

Вршителите на должност член на Управен одбор се предмет на упис во Трговскиот регистар.

Членот од Надзорниот одбор кој е именуван за вршител на должност член на Управниот одбор, во периодот на извршувањето на оваа должност не може да учествува во донесувањето на одлуките што се во надлежност на Надзорниот одбор.

5.2.Надлежности и одговорности

**Член 70**

Управниот одбор на Банката ги врши следниве работи:

1) Управува со Банката,
2) Ја застапува Банката,
3) Ги извршува одлуките на Собранието и на Надзорниот одбор на Банката, односно се грижи за нивното спроведување,
4) Покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката;
5) Ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности во согласност со одредбите од Законот и Статутот на Банката;
6) Изготвува деловна политика и развоен план на Банката;
7) Изготвува финансиски план на Банката;
8) Изготвува политика на сигурност на информативниот систем на Банката;
9) Изготвува годишен извештај за работењето на Банката и го доставува до Надзорниот одбор;
10) Изготвува Етички кодекс на Банката;
11) Одлучува за други прашања од значење за работењето на Банката, освен за оние кои се во исклучителна надлежност на Собранието и на Надзорниот одбор.

Заради рационалност, ефикасност и навременост во извршувањето на работите, членовите на Управниот одбор можат да одлучуваат, односно решаваат, поединечно, секој во делот за кој е одговорен.

Претседателот на Управниот одбор управува и е директно одговорен за работата на следните организациони единици:

- Дирекција за човечки ресурси,
- Сектор финансии и контролинг и
- Сектор за правни работи и усогласеност.

Членот на Управниот одбор, кој раководи со Секторот Операции, управува и е директно одговорен за работата на следните организациони единици:

- Дирекција за поддршка на работењето,
- Дирекција за информатичка технологија,
- Дирекција за мултиканална поддршка на банкарското работење,
- Дирекција за проекти и организација,
- Дирекција за општи ресурси

Членот на Управниот одбор, кој раководи со Секторот за управување со ризици, управува и е директно одговорен за работата на следните организациони единици:

- Дирекција за управување со кредитни ризици,
- Дирекција за мониторинг и наплата

Членот на Управниот одбор на Банката, кој раководи со Секторот Комерција, управува и е директно одговорен за работата на следните организациони единици:

- Дирекција за корпоративно банкарство и МСП,
- Дирекција за кредитна анализа,
- Дирекција за тргување и пазари на капитал,
- Дирекција продажна мрежа и
- Дирекција за маркетинг

**Член 71**

1) Управниот одбор на Банката е одговорен за:

1. Обезбедување услови за работењето на Банката во согласност со прописите;
2. Управување и следење на ризиците на кои е изложена Банката во работењето;
3. Постигнување и одржување на адекватно ниво на сопствени средства;
4. Функционирање на системот за внатрешна контрола во сите области на работење на Банката;
5. Непречено работење на дирекцијата за внатрешна ревизија на Банката, односно осигурува дека Дирекцијата за внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во Банката со цел за непречено спроведување на нејзините активности;
6. Непречено работење на лицето, односно на Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;

7. Донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на лица со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.
8. Водење на трговските и другите книги и деловната документација на Банката за изработка на финансиски и други извештаи во согласност со прописите за сметководство и сметководствени стандарди,
9. Навремено и точно финансиско известување,
10. Редовност и точност на извештаите што се доставуваат до Народна банка во согласност со закон и со прописите донесени врз основа на закон и
11. Спроведување на мерките изречени на Банката од страна на Гувернерот.

2) Управниот одбор на Банката за својата работа одговара пред Надзорниот одбор,

3) Управниот одбор го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално.

4) Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор за:

- влошена ликвидност или солвентност на Банката,
- постоење основа за укинување на дозволата за основање и работење или за забрана за извршување на одредена финансиска активност, во согласност со Законот,
- намалување на сопствените средства под пропишаното ниво во согласност со Законот,
- наодите на Супервизијата и надзорот на Народната банка и
- наодите на Управата за јавни приходи и други контролни органи.

5) Во случаите од точка 4, алинеи 1,2 и 3 од овој член, Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народна банка.

6) За наодот од т.4, алинеја 5, Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народна банка, доколку наодите имаат значително влијание врз финансиската состојба на Банката.

7) Член на Управен одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор ако тој или со него поврзани лица стекнат контрола во друго правно лице.

5.3. Фреквенција на состанување, свикување и одржување на седници, начин на донесување одлуки, кворум за работа и за одлучување, записници

**Член 72**

1. Управниот одбор одлучува на седница.
2. Управниот одбор се состанува најмалку еднаш месечно, а по потреба може и почесто.
3. Управниот одбор може да одржи седница и да донесува полноважни одлуки ако се присутни мнозинството членови на Управниот одбор.

За присутни на седницата се сметаат и членовите кои користат конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се

вклучени на овој начин. Учеството на седници се запишува во записникот на Управниот одбор кој го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата организирана на ваков начин.

На седницата на Управниот одбор можат да присуствуваат и други стручни лица од Банката за кои ќе одлучи Управниот одбор, без право на глас.

Управниот одбор може да одлучува и без одржување на седница, за што сите членови на Одборот даваат согласност за одлуката која се донесува без одржување на седница. Давањето на согласноста се врши со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

4. Претседателот на Управниот одбор ги свикува седниците и претседава со нив, а ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, седниците ги свикува и со нив претседава членот на Управниот одбор кој ќе го определи претседателот на УО.

Секој член на Управниот одбор, со поднесено барање во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот да свика седница на Управниот одбор.

Свикувањето на седницата се врши со известување на сите членови на Управниот одбор, во коешто се наведуваат причините, времето и местото на одржување на седницата.

Со известувањето за седницата, на членовите на Управниот одбор и на другите поканети лица им се доставува дневниот ред со материјалите по односните точки, и тоа најдоцна 3 дена пред одржувањето на седницата.

По исклучок, во одделни итни случаи, седницата може да се закаже по факс или по телефон, а материјалите од дневниот ред може да се достават и на денот на одржувањето на седницата.

5. Седниците на Управниот одбор ги отвора и со нив претседава претседателот, а ако претседателот на Управниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, седниците ги отвора и со истите претседава членот на Управниот одбор кој ќе го определи претседателот на УО.

По отворањето на седницата, претседателот утврдува дека е присутен потребниот број на членови за да може Управниот одбор да работи и полноважно да одлучува.

Доколку присуството на седницата не е доволно, седницата се одлага и се закажува нова седница.

6. Ако на седницата присуствува потребниот број членови на Управниот одбор, претседателот го предлага дневниот ред на усвојување.

Секој член на Управниот одбор има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред. Доколку има предлози за измена и дополнување на дневниот ред, членовите на Управниот одбор најпрво се изјаснуваат за предложената измена и дополнување, а потоа се усвојува дневниот ред.

Предложените измени и дополнувања, како и дневниот ред во целина, се сметаат за усвоени ако за нив се изјаснат мнозинството членови на Управниот одбор.

7. По усвојувањето на дневниот ред се пристапува кон работа по материјалите по одделните точки од дневниот ред, по редослед.

Доколку тоа е потребно, пред да се отвори расправата, за одделни точки од дневниот ред воведно образложение даваат претставниците од редот на стручната служба на Банката.

Учеството во расправата се врши со усно пријавување и давање збор од страна на претседателот на Управниот одбор, според редот на пријавувањето.

Во расправата можат да се вклучат и лицата што не се членови на Управниот одбор, но само со цел да дадат појаснување по одделни прашања од дневниот ред.

8. По констатацијата на претседателот, дека по одделната точка од дневниот ред дискусијата е исцрпена, се предлага изјаснување со гласање.

Предлогот по кој се гласа мора да биде правилно и јасно формулиран.

Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, одделно се гласа за секој предлог, и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство гласови.

Гласањето по предлогот се врши поименично.

Член на Управниот одбор може да гласа „ЗА“ предлогот или „ПРОТИВ“ предлогот, што се констатира и записнички.

9. Управниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Во случај на изедначен број на гласови, гласот на претседателот на Управниот одбор е одлучувачки.

Одлуките што ги донесува Управниот одбор ги потпишува претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство членот на Управниот одбор кој претседавал со седницата на Одборот .

10. За текот на седницата на Управниот одбор се води записник.

Записникот се изготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

Записникот содржи податоци за: времето и местото на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата и дневниот ред на седницата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за” или „против” одлуките усвоени на седницата.

Во записникот може, по барање на член кој гласал „за“ или „против“ предлогот, да се внесе и причината зошто така гласал.

Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата .

Записникот го потпишуваат сите членови на Управниот одбор кои биле присутни на седницата.

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се уредуваат со договор кој го склучуваат членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор во име на Банката, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор (Менаџерски договор).

**Член 72-а**

Подетални одредби за составот, делокругот на надлежности и одговорности, начинот на работење и оценката на соодветноста на членовите на Управниот одбор на Банката поблиску се регулираат со Деловникот за работа на Управниот одбор на Банката и со Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

## 6. ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 73**

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици се лица со посебни права и одговорности на Банката по сила на закон.

**Член 74**

Надзорниот одбор на Банката и членовите на Управниот одбор на Банката, по именувањето, склучуваат Договор со кои ги регулираат правата, обврските и одговорностите на членовите на Управниот одбор што произлегуваат од вршењето на функцијата и работниот однос.

**Член 75**

Лицата со посебни права и одговорности во Банката задолжително треба да имаат соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и финансиите, да ги познаваат правилата за добро корпоративно управување и да имаат соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со Банката.

**Член 76**

Лице со посебни права и одговорности во Банката не може да биде лице кое не ги исполнува условите од членот 53, став 1 од точка 1 до точка 7, од Статутот.

Ограничувањата од членот 53, став 1, точка 6, не се однесуваат на членство во:

- органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок, и
- во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.

**Член 77**

Доколку лицата со посебни права и одговорности утврдат дека одлуката на органите на Банката е спротивна на закон или на друг пропис донесен врз основа на закон или дека според својата содржина е таква што може да ги загрози ликвидноста на Банката и нејзината стабилност и сигурност, должни се за ова писмено да ги известат Надзорниот одбор и Народната банка.

**Член 78**

Останати лица со посебни права и одговорности во Банката се :

1) Директорите на сектори во Банката кои не се членови на законски формираните тела на Банката и
2) Раководителот на Дирекцијата за внатрешна ревизија.

Останатите лица со посебни права и одговорности во Банката, освен лицата за кои е посебно уредено со закон и со овој Статут, ги именува и разрешува Управниот одбор на Банката.

Мандатот на останатите лица со посебни права и одговорности во Банката, освен лицата за кои е посебно уредено со закон и со овој Статут, трае 4 години.

На останатите лица со посебни права и одговорности во Банката, својството на лице со посебни права и одговорности им престанува и пред истекот на мандатот во следните случаи:
- по нивно барање,
- по сила на закон и
- со отповикување од страна на Управниот одбор на Банката.

Работните подрачја, правата и обврските и надлежностите на останатите лица со посебни права и одговорности подетално се уредуваат со актот за внатрешна организација и систематизација на работните места и договорот за работа.

Останатите лица со посебни права и одговорности , имаат овластување за целосно водење на работите и работењето на организационите единици со кои управуваат, односно ги усогласуваат и координираат работите на вработените за чија активност и работење се задолжени.

Подетални одредби за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на останатите лица со посебни права и одговорности се определуваат со посебна политика што ја донесува Управниот одбор на Банката.

**Член 79**

Управниот одбор на Банката може да овласти други лица вработени во Банката да ја претставуваат и застапуваат Банката за одредени работи, освен оние кои се во исклучива надлежност на Управниот одбор на Банката. Управниот одбор на Банката за одредени работи може да овласти Банката да ја застапуваат и други стручни работници на Банката.

**Член 80**

Со одлука на Управниот одбор на Банката се утврдуваат и овластувањата за потпишување на поединечни акти на Банката. Лицата овластени со одлука на Управниот одбор на Банката, дадените овластувања не можат да ги пренесуваат на други лица без согласност на Управниот одбор.

**Член 81**

За извршување на работите определени со Деловникот, овој Статут и законските прописи, Управниот одбор на Банката може да формира разни

одбори и комисии составени од редовите на работниците на Банката и други финансиски банкарски стручни лица.

## 7. ДИРЕКЦИЈА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА НА БАНКАТА

**Член 82**

Надзорниот одбор на Банката е должен да организира Дирекција за внатрешна ревизија како независна организациона единица во Банката.

Организационата поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациони единици во Банката, како и одговорноста и условите за назначување на раководителот на Дирекција за внатрешна ревизија ги уредува Надзорниот одбор.

Дирекцијата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна контрола и ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Банката преку:

- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола,
- оцена на спроведувањето на политиките за управување со ризиците,
- оцена на поставеноста на информативниот систем,
- оцена на точноста и веродостојноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи (Трговски книги);
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето во согласност со прописите;
- следење на почитувањето на прописите, етичкиот кодекс, политиките и процедурите;
- оценка на системите за спречување на перење на пари;
- оценка на услугите што Банката ги добива од друштвата со помошни услуги на Банката.

Дирекцијата за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, Етичкиот кодекс на Банката и Политиката и процедурите за работење на Дирекцијата.

Лицата во Дирекцијата за внатрешна ревизија се вработени во Банката и извршуваат работи само на Дирекцијата. Најмалку едно од лицата вработени во Дирекцијата е овластен ревизор.

Вработените во Банката се должни на лицата, односно на вработените во Дирекцијата за внатрешна ревизија, да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.

**Член 83**

Дирекцијата за внатрешна ревизија изготвува годишен план за работа на Дирекцијата кој го одобрува Надзорниот одбор.

**Член 84**

Дирекцијата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за ревизија на Банката.

Полугодишниот и годишниот извештај треба да содржат:

- опис на извршените ревизии на работењето на Банката;
- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на Дирекцијата за внатрешна ревизија;

Годишниот извештај треба да содржи и:

- оцена за реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа;
- оцена за планираното време за контрола и евентуалното отстапување;
- информации за извршени други активности.

Надзорниот одбор е должен да го достави годишниот извештај на Дирекцијата за внатрешна ревизија до Народна банка.

**Член 85**

Дирекцијата за внатрешна ревизија е должна веднаш да ги извести Надзорниот одбор и Управниот одбор доколку во текот на контролата утврди:

- непочитување на стандардите за управување со ризици, поради што постои можност за нарушување на ликвидноста или солвентноста на Банката, и
- дека Управниот одбор не ги почитува прописите, општите акти и интерните процедури на Банката.

## 8. КОНТРОЛА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА БАНКАТА СО ПРОПИСИТЕ

**Член 86**

Управниот одбор на Банката е должен да организира Служба за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите.

Службата е одговорна за идентификација и следење на ризиците од неусогласеноста на работењето на Банката со прописите. Под ризик од неусогласеност со прописите се смета особено, но не исклучиво, ризикот од изречени мерки од страна на Народна банка, од финансиски загуби и репутациски ризик како последица на пропусти во усогласувањето на работењето на Банката со прописите.

Вработените во службата ги извршуваат единствено работите од ст. 2 на овој член и се самостојни во извршувањето на работите од нивна надлежност.

Вработените во Банката се должни на вработените во Службата од ставот 1 да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.

Службата за усогласеност, за својата работа поднесува месечен извештај до Управниот одбор и полугодишен извештај до Надзорниот одбор.

## 9. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 87**

Лицата со посебни права и одговорности се должни редовно, на секои шест месеци, да дадат писмена изјава за постоење или непостоење судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

Под личен интерес на лицата од ставот 1 на овој член се подразбираат и интересите на поврзаните лица со нив.

Судир на личниот интерес и интересот на Банката постои кога со донесувањето на одлуки, склучувањето на договори или вршење на други деловни активности се засега во материјалните или кој било друг вид деловни или семејни интереси на лицата од ставовите 1 и 2 на овој член.

## VI. ТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА БАНКАТА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТ И ДРУГИ АКТИ НА БАНКАТА

**Член 88**

Банката се основа на неодредено време.

Банката престанува да работи:

- ако не постои економски интерес за нејзино натамошно работење, односно ако не се обезбедуваат целите за кои е основана,
- кога ќе настанат условите предвидени со закон, и
- ако се извршат статусни измени.

Под статусни измени се подразбира спојување на Банката со друга банка или поделба на Банката на повеќе самостојни банки.

Одлука за престанување со работа на Банката од ставот 2, алинеи 1 и 3, донесува Собранието на Банката со 2/3 (двотретинско) мнозинство од акциите со право на глас присутни на Собранието.

**Член 89**

Основачки акти на Банката се Одлуката за основање на Банката и Статутот на Банката.

Другите акти на Банката не смеат да бидат спротивни на Статутот на Банката.

**Член 90**

Статутот на Банката го донесува Собранието на Банката на предлог на Надзорниот одбор на Банката.

Измените и дополнувањата на Статутот на Банката се вршат по постапка како што е донесен и Статутот.

**Член 91**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот може да покренат Надзорниот одбор на Банката, акционерите на Банката, чиј влог во Банката изнесува една третина од акциите со право на глас, и Управниот одбор на Банката.

Доколку биде прифатена иницијативата за измена и дополнување на Статутот, Надзорниот одбор одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Банката ја доставува до Собранието на Банката.

**Член 92**

Поединечните акти на Банката, во согласност со законските прописи и овластувањата од овој Статут, ги донесува соодветниот орган на Банката.

Управниот одбор на Банката донесува поединечни акти на Банката врз основа на законските овластувања, овластувањата на овој Статут и други општи акти на Банката.

Управниот одбор на Банката може да запре од извршување поединечен акт на Банката што го донел овластен орган на Банката доколку е спротивен на одредбите од Статутот и законските прописи.

## VII. ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ПРАШАЊА

### 1. БАНКАРСКА ТАЈНА

**Член 93**

Како банкарска тајна се сметаат документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни лица, како и за депозитите на поединечни лица.

Банкарската тајна Банката е должна да ја заштити и чува.

**Член 94**

Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во Банката, како и лицата кои преку давање услуги на Банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од претходниот член, се обврзани нив да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

Обврската од ставот 1 на овој член не се однесува во следните случаи, ако:

- со закон е пропишано објавување на податоците и информациите и
- лицето дало писмена согласност за откривање на податоците.

За лицата со посебни права и одговорности и вработените во Банката, обврската од ставот 1 на овој член не се однесува и во следниве случаи:

1. по писмено барање на Јавното обвинителство или надлежен суд за водење на постапки кои се во рамките на нивните надлежности;
2. за потребите на Народна банка или на друг супервизорски орган овластен со закон;
3. по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење на постапки кои се во рамките на нејзините надлежности;
4. ако податоците се соопштуваат на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со закон;
5. ако податоците се соопштуваат на Управата за финансиска полиција во согласност со закон;
6. на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;
7. на писмено барање на Фондот за осигурување на депозити во согласност со закон;

8. на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;
9. на писмено барање на нотар во рамките на водењето на оставинска постапка, во согласност со закон;
10. ако податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на Кредитниот регистар на Народна банка и Кредитното биро, во согласност со закон;
11. ако податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитен ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Македонија, а чија членка е Банката;
12. по писмено барање на лицата овластени за извршување во согласност со закон и
13. ако податоците се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци, само доколку Банката склучи меморандуми за соработка со овие институции, со кои се регулира начинот на достапност на податоците од членот 95 на овој статут.

Лицата кои, во согласност со ставот 3 од овој член дошле до документите, податоците и информациите од претходниот член на овој Статут, се обврзани нив да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен во случаи и во постапка утврдени со Законот за банките и друг закон.

Обврската од ставовите 1 и 2 на овој член продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основата и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат за деловна тајна.

## 2. ОДБРАНА И ЗАШТИТА

### Член 95

Во областа на одбраната и заштитата, Банката ги врши задачите и работите определени од надлежните органи во согласност со Уставот, законот и другите прописи од областа на одбраната и заштитата.

Организацијата и спроведувањето на подготовките за одбрана и начинот на остварувањето на правата, должностите и одговорностите на органите на Банката во извршувањето на задачите на одбраната во мир, во војна, во случај на непосредна воена опасност и во други воени состојби, се утврдуваат со посебен акт на Банката што го донесува Управниот одбор на Банката.

### Член 96

Управниот одбор на Банката организира одбранбени подготовки и заштита, пропишува и презема потребни мерки во тие области и врши надзор над примената на тие мерки во Банката.

Управниот одбор на Банката е раководител на одбранбените подготовки и заштитата на Банката.

Кој од членовите на Управниот одбор на Банката ќе биде раководител на одбранбените подготовки и заштитата на Банката со посебен акт ќе го определи Управниот одбор на Банката.

## 3. ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 97**

Органите на управување на Банката се должни да обезбедат соодветно информирање за работата на Банката на акционерите на Банката, на странските банки со кои соработува Банката, како и на вработените во Банката.

Формите, роковите и начинот на информирањето се регулираат со општ акт што го донесува Управниот одбор на Банката.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 98**

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Охридска банка АД Скопје СО бр. 0201-22197/3-1 од 19.3.2018 година.

**Член 99**

Со влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите на општите и другите акти на Банката кои се во спротивност со овој Статут.

**Член 100**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а произведува правно дејство со уписот во Трговскиот регистар.

**СО Бр.**
**31.1.2019 г.**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

____________________________